## Извештај за работата на Одборот на директори на

## ВВ Попова Кула АД во 2023 година

Одборот на директори на ВВ Попова Кула АД во текот на деловната 2023 година одржа 8 состаноци. Еден состанок се одржаа со физичко присуство, шест состаноци се одржаа он-лине со користење на гоогле-меет платформата, а еден состанок се одржа со он-лине изјаснување преку е-маил порака, членовите на одборот учествуваа во работата на одборот како што следи:

- Григори Поповски претседател и неизвршен член на одборот на директори присуствуваше во работата на сите 8 состаноци на одборот;
- Јордан Трајков извршен член на одборот на директори присуствуваше во работата на сите 8 состаноци на одборот;
- Климе Бабунски неизвршен член на одборот на директори присуствуваше во работата на сите 8 состаноци;
- Ивона Колева неизвршен член на одборот на директори учествуваше во работата на сите 8 состаноци на одборот;
- Златко Данев неизвршен член на одборот на директори учествуваше во работата на сите 8 состаноци на одборот.

На сите овие состаноци континуирано се разгледуваа и се разговараше за оделни прашања од делокругот на работата на Друштвото, за сложените услови за работење предизвикани од отворените воени конфликти во Украина и Блискиот Исток, со посебен осврт на конкретните проблеми во работењето со кои се соочува Друштвото притo беа реафирмирани краткорочните задачи донесени на состаноците во 2022 година, како краткорочни задачи и за 2023 година:

- за тековно надминување на континуираниот проблем со недостаток на квалификувани работници, посебно во делот за туризам, но исто така и во винарството и лозарството;
- за менаџирање и одржување на добрите односи со разните добавувачи во услови на глобално отежнато финансиско работење, достапност на производи и продолжени рокови на испорака;
- менаџирање и одржување на релации со цел задржување на постојани купувачи во странство и активно работење на изнаоѓање нови;
- активно работење на остварување колку е можно подобра сезона во делот туризам (хотел и ресторан) преку изнаоѓање и генерирање нови содржини и понуди, а со цел задржување на традиционалните гости и деловни партнери, но и барање нови;
- следење на тековните движења на пазарот на грозје со цел носење квалификувана одлука во поглед на берба 2023;

Следејќи ги долгорочните задачи кои Одборот ги донесе на состаноците одржани во текот на 2022 година, Одборот на состаноците во 2023 година реализира Стратешко Планирање пришто:

А) Беа направени Портерова, Свот и Пест анализи;

Б) Се потврдија Визијата на која покрај врвни вина се додадоа и жестоките пијалоци, Мисијата, Вредностите и Стратешкиот пристап во работењето на Друштвоточ

Ц) Беа разгледани можни правци на делување;

Д) Беа утврдени потребни инвестициони проекти;

Е) Беше донесена одлука за правец на делување:

-- Развој на архитектурен мастер идеен план,

-- Активно следење и аплицирање на ИПАРД програми

- Оформување на тим за продажба
- Развој на дистрибутивна мрежа
- Отварање на нови пазари во странство
- Маркетинг функција
- Доразвивање на производи-жестоки пијалоци, нивна промоција и продажба
- Инвстициско одржување на основни средства
- Органско производство во лозарство и наводнување
- Финансирање на проекти.

Во својата работа во 2023 година одборот на оделни седници ги донесе следниве позначајни одлуки:

- Одлука за донесување нов ревидиран деловник за работа;
- Одлуки за прифаќање на неревидирани и ревидирани финансиски извештаи;
- Одлука за свикување на редовно годишно акционерско собрание и дневен ред;
- Одлука за отпочнување постапка за барање на нов ревизор;
- Одлуки за попис и пописни комисии;

На оделните седници одборот ги разгледа:

- Договорите меѓу ВВ ПОПОВА КУЛА АД и Станушина ДООЕЛ и ПКТ ДООЕЛ
- Извештајот од берба според вид на грозје и со податоци за количина и квалитет.
- Извештајот за состојба со вино и жестоки пијалоци во литри.
- Информација и податоци за продажбата на алкохолни пијалоци на домашен и на странски пазар за 2023 година и  Информација и податоци за новите производи кои беа презентирани на стратешкото планирање.
- Информација и податоци за веќе поднесени проекти во 2023 година (ИПАРД, итн.) и информација за идни проекти.
- Информација и податоци за туризмот за 2023 година.
- Пристигнатите понуди за мастер планот на Попова Кула АД Демир Капија
- Информација за градежните активности на патот до Попова Кула АД Демир Капија.
- Информација за соработка со туристички агенции во Македонија и во странство и врз база на каква основа, договор.